ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

Подносител – Име и презиме

Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број (за доставување одговор)

Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата

02.11.2026

Опис

(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

Во емисијата „Под лупа“, емитувана на 02.11.2026 година, со гости [redacted] Богојески изнесува ставови со кои го релативизира и оправдува насилството врз жените. На 34 минута од дебатата тој го претставува неверството на жената како форма на насилство, додека насилството од страна на мажот го опишува како реакција на таквото однесување.

Во остатокот од емисијата застапува и ставови дека мажите треба да вршат надзор врз жените и дека Истанбулската конвенција, чија цел е спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, е штетна за мажите.

Дополнително загрижувачки е што водителката не се оградува од овие ставови, не укажува дека насилството не може да биде оправдано со неверство или какво било друго однесување и дозволува ваквите тврдења да останат без критичко преиспитување.

Сметам дека емитувањето на вакви ставови на национална телевизија, без соодветна реакција и критичко преиспитување од страна на водителката, придонесува за нормализирање на родово базираното насилство, оправдување на насилното однесување и зацврстување на штетните родови стереотипи.

Барам Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да утврди дали со емитувањето на оваа содржина се прекршени одредбите од член 48 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој забранува телевизиски содржини што поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост, насилство или омраза, меѓу другото, врз основа на пол и род.

https://www.youtube.com/watch?v=Cz9OrkvPjKU

Датум и место на поднесување

4.11.2026

Потпис на подносителот

Ви благодариме!